**БОСИЛЕК**

***Фамилија Lamiaceae (Labiateae)***

Босилекот (*Ocimum basilicum*L.) води потекло од афричкиот континент. Внесен е во култура уште во времето на стариот Египет. На балканскиот полуостров се претпоставува дека е дојден со освојувањата на Александар Македонски. Денес, многу е распространет во поширокото подрачје на Средоземното море. Најголеми производители и извозници се Италија, Франција, Мароко и Египет, а во САД најмногу се одгледува во Калифорнија. Во Македонија се одгледува многу малку, главно во бавчите и дворовите и во саксии како цвеќе поради лековитите својства, но и како заштита од комарци (миризбата ги одбива комарците). Македонија потребите од сушен босилек, кои не се големи, ги задоволува од увоз, бидејќи домашните производители на чаеви и зачини во овој момент не покажуваат интерес за откуп и инвестирање во комерцијално производство. Исто така не покажуваат интерес за воспоставување на кооперантски односи со домашни производители, иако имаме услови за негово производство на одредени површини.

Се користи поради својот сладок и пријатен мисис и е еден од популарните кулинарски зачини, особено во италијанската и француската-средоземноморска кујна. Се употребува при подготвувањето на зеленчукови супи, сосови, тестенини, полесена храна од месо, живина, риба и морски плодови, а како свеж во салати. Во народната медицина има широка примена во лечењето. Чајот од босилек е добро средство за смирување на нервниот систем како и против несоница. Помага и при грчеви и воспаленија во желудецот, цревата и го подобрува апетитот. Семето од босилекот се користи за лечење на мочните патишта. Помага и при асмата и разни кашлици.

Зачинските и лековите својства потекнуваат од етеричните масла. Целиот надземен дел содржи околу 0,5 до 1,5 %. Тоа се состои од поголем број на есенцијални масла како што се етрагол, линалол, камфор и други.

**Опис**.Тоа е едногодишно растение со исправно и жбунесто стебло, високо 40 до 50 cm. Листовите се овални, по ивиците рамни или нарецкани. По боја листовите се светло зелени но има и сорти кои имаат црвенкаста боја. На лицето од листовите се наоѓаат жлездести влакненца који ги лачат етеричните масла. постои ситнолисна и широколисна форма на босилек. За комерцијално одгледување се користи широколисната форма. Цветовите се бели, сместени се во класовидни соцветија на врвот од главното и споредните стебла.



**Услови на успевање.** Тоа е растение кое бара умерено топла клима. За време на поникнувањето и растот потребна е топлина и влага. Мразеви не поднесува. Добро успева на длабоки, плодни и структурни почви.

**Агротехника**. Се започнува производство на расад во топли леи. Се сее на почетокот на март со 3-4 g/m$^2$ семе. Од еден m$^2$ се добиваат од 1000-1200 стракови. За еден хектар површина се потребни околу 100 m$^2$ леи. Во текот на поникнувањето се наводнува секој втор ден и обично два пати се плеви. За расадување стасува во текот на првата половина од месец мај. Се расадуваат кога растенијата имаат 6-8 листови и височина од 10-12 cm. За да се прилагодат на надворешните услови, седум дена пред расадувањето топлите леи преку денот се откриваат. А на неколку дена пред корнењето, кога нема опасност од мраз, се оставаат и преку ноќ отворени. Садњето може да биде рачно или машински на растојание 50 cm помеѓу редовите и 20-25 cm во редот. Расадениот босилек треба добро да се негува. Задолжително е да се наводни веднаш по садењето, а првиот пат се откопува за да се формираат редови. Подоцна се откопува и се наводнува по потреба.

Површината за босилекот треба добро да се подготви. Основната обработка бара длабоко орање во есен, со истовремено внесување на минерални ѓубрива и тоа 30-50 kg/ha азот, 50-70 kg/ha фосфор и 40-60 kg/ha калиум преку комплексни ѓубрива. Органски ѓубрива се применуваат, меѓутоа на предкултурата (најдобри се окопните култури), со цел да се избегне преголемата бујност. Во пролет е потребно почвата добро да се обработи-култивира со цел да се добие иситнет и растесит слој за добро прифаќање на расадот.



**Прибирање.** Босилекот се коси за време на масовното цветање, бидејќи тогаш содрши најмногу етерично масло. Кај нас за косење стасува кон крајот на јуни или почетокот на јули. Се коси рачно со срп или машински на височина од 8-10 cm од површината на почвата по убаво и сончево време. Растителната маса не останува на нивата да овене , туку веднаш се носи на сушење во сушари или се распостила во тенок слој на сонце да се исуши. При сушењето во сушари не смее се изложува на температура над 50 степени, за да се задржи бојата и етеричното масло. По тоа почвата се култивира и наводнува. Растенијата регенерираат и во почетокот на септември е второто косење. Ако есента е дождлива или редовно се наводнува се добива трет откос со кој може да се постигне одличен принос, како и во вториот. На плодни почви приносот изнесува од 800-1200 kg/ha сува маса, а вториот откос е за 20 % поголем од првиот. Во третиот откос може да се постигне одличен принос, како и во вториот.